Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 09 - 388/3

25-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801 – 469/1 од 17.12.2021 година, поднесена од [redacted] за сторено вознемирување против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.07.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 0801 – 469/1 од 17.12.2021 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **поради неуредност.**

## Образложение

На 17.12.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на [redacted] против [redacted] со арх. бр. 0801 – 469/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 21.07.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката и неговите податоци.

Подносителот на претставката ја извести Комисијата дека не располага со податоци за потенцијалниот дискриминатор, односно администраторот на [redacted]

Од горенаведеното произлегува дека претставката со бр. 0801 – 469/1 од 17.12.2021 година не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
25.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]